**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-49/6**

**Скопје, 12.02.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи - Сметка за приходи наплатени од органи, за 2006 година, кои се прикажани на страните 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Вршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи за 2004 година, но не е издаден извештај за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Д-р Илинка Митрева Министер од 05.09.2005 до 01.09.2006 година.
   - М-р Антонио Милошоски , Министер од 01.09.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 29.08-31.12.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 25.01.2008 година под архивски број 1104-49/4 примени се забелешки по точките 10.1.1, 10.1.3 и 12 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е констатирано дека забелешките по точките 10.1.3 и 12 од Претходниот извештај не се прифаќаат бидејќи не се изнесени докази и аргументи кои го побиваат наодот на ревизијата, додека забелешката по точката 10.1.1 од Претходниот извештај делумно се прифаќа.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Финансиските извештаи на Министерството за надворешни работи не даваат точен, вистинит и целосен преглед на приходите и расходите во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Имено, остварените приходи на дипломатско конзуларните претставништва (во натамошниот текст ДКП) по основ на конзуларни такси во износ од 139.561 илјади денари, расходите кои што се финансирани од оваа сметка во износ од 120.577 илјади денари како и вишокот на приходи во износ од 21.837 илјади денари се прикажани на Сметката за средства од буџетот на РМ. Причина за ваквиот начин на прикажување на податоците е неприлагодениот софтвер на реалните потреби на Министерството што има за ефект продуцирање на финансиски извештаи кои не можат да бидат основа за реално планирање ниту основа за превземање деловни одлуки.

11.1.2. Спротивно на Законот за буџетите и Упатството за начинот на евидентирање и распоред на јавните приходите , приходите од конзуларни такси во износ од 139.561 илјади денари што ги остваруваат ДКП-та во странство се уплатувани на Сметката за приходи наплатени од органи , наместо истите да се уплатуваат на сметките за јавни приходи во Буџетот на РМ. Ваквата состојба е надмината во 2007 година со укинување на Сметката за приходи наплатени од органи и насочување на приходите на соодветните сметки за јавни приходи.

11.1.3. Во 2006 год на Сметката за приходи наплатени од органи неосновано се остварени приходи во износ од 808 илјади денари по основ на повраќај на средства од нереализирани службени патувања на крајот на 2005 година, за кои што биле исплатени аванси од Сметката за средства од буџетот, а кои на почетокот на 2006 год се вратени на оваа сметка. За службените патувања се изготвени налози и решенија за службени патувања и

потпишани се одобрувања за службен пат од надлежните лица што се архивски заведени на 28.12.2005 год. Патувањата требало да се реализираат во периодот од 28.12-31.12.2005 година што е период на празници во дестинациите каде што требало да се патува, а и висината на подигнатите износи упатува на неоправдано влечење на средства од буџетската сметка за нивно користење во наредната година што е спротивно на Законот за буџетите.Ваквата состојба има за ефект неосновано остварени приходи на оваа сметка и ненаменски направени расходи.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Министерството да иницираат измени во софтверот за водење на сметководството, што ќе обезбедат издавање на точни и вистинити финансиски извештаи.
2. Раководителот на Секторот за финансии и сметководство да воспостави систем на внатрешни контроли кој ќе обезбеди разграничување на приходите и расходите за пресметковниот период на кој се однесуваат, со што ќе се обезбеди наменско користење на буџетските средства.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.1.1 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за надворешни работи - Сметка за приходи наплатени од органи на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 11.1.2 , кај Министерството за надворешни работи - Сметка за приходи наплатени од органи, не е остварено законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година, иако намената на истите е определена со Буџетот на РМ.

14. **Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година.**

14.1 Министерството за надворешни работи постапило по препораките дадени во извештајот за извршената ревизија за 2004 година, а кои се однесуваат на следното :

- Превземени се дејствија и воспоставени се процедури за уплата на јавните приходи по основ на конзуларни такси на уплатните сметки за јавни приходи во 2007 година при што е обезбедено целосно финансирање на трошоците на дипломатско конзуларните претставништва на РМ во странство во рамките на сметката за редовно работење.

**Скопје, 11.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 21.088 | 15.897 |
| Капитални приходи | 0 | 180 |
| Трансфери и донации | 1.176 | 4.604 |
| **Вкупно приходи** | **22.264** | **20.681** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 12.264 | 12.547 |
| **Вкупно тековни расходи** | **12.264** | **12.547** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4.591 | 7.388 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4.591** | **7.388** |
| **Вкупно расходи** | **16.855** | **19.935** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **5.409** | **746** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 5.409 | 746 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 12 | 184 |
| Активни временски разграничувања | 34.868 | 50.022 |
| **Вкупно тековни средства** | **40.289** | **50.952** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 29 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **29** | **0** |
| **Вкупна актива** | **40.318** | **50.952** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 0 | 3.251 |
| Краткорочни финансиски обврски | 34.868 | 46.771 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.421 | 930 |
| **Вкупно тековни обврски** | **40.289** | **50.952** |
| Извори на капитални средства | 29 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **29** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **40.318** | **50.952** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **-** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **29** | **104** | **133** |
| Набавки | 29 | 104 | **133** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **104** | **104** |
| Отпис на капитални средства | | 104 | **104** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **29** | **-** | **29** |